**Изборна програма 2024-2028**
**на**

# ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ

# НА МАКЕДОНИЈА

# ПОДЕМ

***Драги сограѓани,***

**ПОДЕМ својата ВИЗИЈА за градење на демократско општество на среќни граѓани ја темели врз демоктаски принципи, како сувереност, слобода, правда, еднаквост, одговорност, јавен интерес, општествен, економски и политички плурализам, толеранција, соработка, компромис и сл.**

Стратешките визии на **ПОДЕМ** се насочени кон **НОВА ЕКОНОМСКА И ПОЛИТИЧКА ВИЗИЈА ЗА СТАБИЛНА, ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА** Македонија.

Нашето мото **"Подем за Македонија"** е водилка и низ нашата програма во која се вклучени голем број проекти кои на Македонија и гарантираат Европски стандарди во областа на земјоделството, економијата, социјалната политика, здравството, образованието, локалната самоуправа, меѓународните односи, културата, спортот и сите други области на општествено-политичко квалитетно живеење и работење.

Заради непочитување на основните постулати и газење на демократијата воопшто, каде се повредени основните човекови права, кога владее анархија и охлократија, ПОДЕМ нуди платформа на идеи, предлози и решенија, преточени во ИЗБОРНА ПРОГРАМА во повеќето сфери на општественото уредување на Република Македонија, каде освен знаењето, имплементиран е разумот и реалниот пристап за восприемање на вистината.

Во креирањето на оваа платформа на дејствување, тргнуваме од анализата на најголемите ризици во нашето општество, од проблемите на граѓанинот и неговото семејство, како основна функционална единка до внатрешното уредување и функционирање на државата и нејзината меѓународна политика со сите внатрешни и надворешни закани.

**ПОДЕМ** со својата изборна програма нуди стратегиско и систематско размислување како Република Македонија би можела да ги реши суштинските проблеми.

Стратегиското размислување на **ПОДЕМ** се насочува кон цели за **ПРОШИРЕНА ЕКОНОМСКА ВИЗИЈА ЗА МАКЕДОНЈА И ПОЛИТИЧКА ВИЗИЈА ЗА СТАБИЛНА, ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА МАКЕДОНИЈА.** Цели кои се специфични, мерливи, реални, временски ограничени и се во функција на основната мисија на ПОДЕМ.

**ПОДЕМ** во својата предизборна програма нуди решенија, а не ветувања, не нуди предвидување на иднината, туку нуди начин како Република Македонија да ја изгради својата подобра и посветла иднина.

Затоа ние целокупното наше знаење, сила, енергија, желба ја посветивме кон креирање планови за конкретни резултати, конкретни цели.

**Со оваа програма** од Вас, граѓаните на Република Македонија бараме поддршка да ги оствариме нашите цели, во следење, развој и примена на нови идејни решенија во економијата, здравството, образованието, судството, земјоделието, локалната самоуправа, администрацијата и останатите сфери.

**Со оваа програма** ги повикуваме сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивната етничка, верска, стручна и социјална припадност да ги обединат своите индивидуални способности и одговорности за да ни дадат поддршка да се справиме со предизвиците за подемот во развојот на македонското општество и држава.

Зародишот на идејата за основање на **ПОДЕМ** произлезе пред дванаесет години од желба за допринос кон изградба на Република Македонија како современа демократска држава, со општество во чија основа треба да бидат вградени принципите на слободата, еднаквоста и рамноправноста, солидарноста, правдата, човековите слободи и права и сите други вредности за една целосна вистинска демократија.

Оваа 2024 година ПОДЕМ ја прослави со успешно ДЕСЕТГОДИШНО постоење на Македонската политичка-сцена и заедно со нашите членови и поддржувачи успеавме во многу предизвици :

- Успеавме да опстанеме и да ја реализраме идејата за постоење на ПОДЕМ
- Успеавме да го фатиме курсот на нашата програмска платформа која ни е основа за градење на нашите програмски цели, за Вашите идеи, претворени во предлози и согледувања за подобар живот во Македонија.
- Направивме инфраструктура во 53 општини, со градоначалници и советници во дел од општините во Македонија.
- ПОДЕМ го препознаа во сите општини низ Македонија и инфраструктурата денеска содржи 18.000 членови со формирани и организирани Организации на жени и млади со над 12.000 членови.
- ПОДЕМ е стабилен политички фактор на македонската политичка сцена кој од еден до друг изборен циклус бележи импозантни резултати и раст на довербата која ни ја укажуваат граѓаните на Република Македонија. Затоа секоја година во ПОДЕМ се приклучуваат нови нови членови кои ја препознаа визијата и мисијата за подем на Македонија.

И токму во таа насока продолжува мисијата на ПОДЕМ, обидувајќи се да даде искрени одговори на клучните прашања за нашата држава, на прашањата:

**Каде сме? Каде сакаме да бидеме? Како таму ќе стигнеме?**

Верувам во остварувањето на таа визија. Верувам дека ПОДЕМ тоа може да го постигне зашто повеќе од 10 години ние сме тука, посилни од кога и да е. Сето тоа се должи на нашата посветеност на програмските цели, лојалност на македонската држава и македонскиот народ, одговорност пред нив, желба за напредок, ентузијазам, знаење, креирање на нови можности и развој. Но, сите знаете дека клучно на тој пат на нашето растење како партија беше тоа што отсекогаш слушаме што има да каже обичниот човек. Ние знаеме што е тоа што го мачи нашиот народ, зашто и ние сме дел од него.

Ќе потсетам на една изрека дека не можеме да ја предвидиме иднината, но ќе додадам дека, Ние сме тие кои ја градиме со нашето сопствено знаење и умеење. Токму затоа, ПОДЕМ во својата обединетост, со своите капацитети, во соработката со другите политички фактори, но и во постојаното слушање на она што има да го каже македонскиот народ, го гледа остварувањето на својата визија и сака сите заедно да изградиме подобра и посветла иднина.

Изборната програма на ПОДЕМ е визија за лојалност, одговорност, посветеност, желба за напредок, ентузијазам, знаење, креирање на нови можности, развој на нови пазари, конкурентска предност што значи победа на државата и на народот.

Ние покажавме дека умееме да работиме неуморно, да се носиме со предизвиците и да постигнуваме успеси. Во ПОДЕМ се обединети чесни, стручни и вредни луѓе кои живеат од сопствениот труд, знаење и способности, кои ја ценат силата на вистината, правдата, демократијата и трајните човечки вредности.

Зад нас стои огромно искуство и многу дела. Тоа искуство не прави горди и ни дава сила, нашите сегашни и идни заложби да станат реалност.

**Ние имаме визија за Македонија. Визија за напредок и просперитет.**
**За благосостојба и среќа.**

Затоа ве повикуваме и Вам и сите граѓани на Република Македонија кон **ПОДЕМ ЗА МАКЕДОНИЈА**. ПОДЕМ што значи победа, одржливост, демократија, етичност, можности.

## НОВА ЕКОНОМСКА И ПОЛИТИЧКА ВИЗИЈА ЗА СТАБИЛНА, ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА МАКЕДОНИЈА

Главната стратешка цел на Програмата на ПОДЕМ, во делот кој се однесува на Труд и социјална политика, се однесува на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија и обезбедување на социјална сигурност и заштита на населението од социјални ризици.

Како социјалната држава Република Македонија е обврзана да се грижи за намалување на социјалните нееднаквости и заштита на маргинализираните групи со целда се обезбеди човечко достоинство за секој грананин во Македонија. Во процесот кон членство на земјата во Европската Унија, ПОДЕМ ќе посвети концентрирано внимание за создавање амбиент на успешно интегрирање на најранливиот дел на населението во социо-економските текови на земјата.

Преку конкретни мерки, ПОДЕМ се залага за инклузивно општество со нулта толеранција кон дискриминација по разни основи, како и обезбедување гаранција за почитување на човековите права согласно ратификуваните Меѓународни конвенции.

Обезбедување достоинствен живот е обврска кон секој граѓанин на оваа земја, достапен образовен систем за секој, градење општество во кое младите ќе се понесат со епитетот сигурни градители на иднината на земјата.

ПОДЕМ се залага секој граѓанин да добие еднакви и можности за самореализација и самоактуелизација преку вработување и давање ефективен придонес во општеството во целина.

Развојот на социјална економија е врвен приоритет на политичката агенда на ПОДЕМ преку која ќе се постигне личен и заеднички развој, како и социјална праведност за секој граѓанин како уставно загарантирано начело.
ПОДЕМ нуди социјална политика и социјална заштита со која ќе се опфатат сите структури на кои им е потребна помош од државата.

**Визија на ПОДЕМ**:

Република Македонија да биде општество со намалена сиромаштија и социјална исклученост која обезбедува достоен живот, еднаквост и подобри услови на секој граѓанин.

**Мисија**

Добросостојба на сите граѓани на Република Македонија, без оглед на социјалното потекло и видот на исклученоста, со истовремено посветување посебно внимание на ранливите групи.

## I) ДРЖАВАТА - СЕРВИС НА ГРАЃНИТЕ

1) Обезбедување на целосна слобода на граѓанинот, тој е на пиедесталот на општествениот поредок, целокипниот систем функционира за обезбедување на еднкави шанси и можности секому, според личниот потенцијал и интелектуалниот капацитет.

2) Преструктуирање на државниот апарат во функционален и растеретен систем на органи и тела без преклопување на далежности и функции, за да се избегне дуплирање на трошоци и отежнување на носење одлуки и превземање на одговорност.

3) Интегрирана и поединечна функцпсионанла анализа на органите на управа и јавните претпријатија на национално и локално ниво.

4) Можност на трансфер на вишокот администрација во јавни и приватни правни лица без да се загрози егзистенцијата на административните и јавни службеници.

5) Нула толеранција за корупција, шверц и организиран криминал изразен преку превземање на мерки и активности, а не само празни флоскули искажани низ јавните сервиси и елиминирање на дискрециони права на функционерите за обезбедување на лични интереси.

6) Нормативно усогласување со европско право и стандардизација и меѓу институционално, јасни надлежности на органите на управа, избегнување на конфузија и делигирање на јасни и логични обврски за сите чинители во системот на државата.

7) Поделбата на власта е темелот на секоја демократија, никој од трите сотлба на власта (законодавна, извршна и судска) не смее да има апсолутна моќ и власт, туку строго разграничување на обврските и дејствата и меѓусебно контролирање, кои се сервис на граѓаните, а не на политичките партии.

### КОНТРОЛА НА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ

Целта на овој проект е воведување на внатрешна Владина контрола на сите фунционерски места   кои се добиваат со одлука на Влада, да бидат под контрола на Владата како Владини повереници, или комисии кои пак истите ке одговараат пред Владата и ке поднесуваат извештаи за работењето на сите функционери кои ги поставува Владата. Со овој чекор се минимизира нестручното и не компетентното работење на сите функционери кои ке бидат поставени или назначени од Владата. Предлагаме формирање на владини три члени комисии во сите министерства кои ке вршат регулирање и контрола на работењето на Јавните Институции, Агенции, Управни одбори, Директори, Началници и други функции и функционери кои се доделуваат со одлука на Влада во Република Македонија кои ке ја вршат оваа дејност, а владините комисии ке вршат контрола на правилното работење на истите.

Овие комисии или Владини повереници ќе имаат неприкосновено право, одговорности и обврски да вршат секојдневен надзор на ниво на цела територија на Република Македонија по случаен избор или по пријава. Овие тела ќе одговараат за работата исклучиво пред Владата на Република Македонија, со поднесување на извештаи за нивното работење и контролата што ќе ја извршуваат на сите јавни функционери предходно наведени.

До колку има индиции и констатација за нестручно или несовесно работење на јавните функционери , комисијата – телото , преку записник или излагање преку писмен и усмен извештај пред Владата го иницира работењето на истиот , при што до колку се установи неправилност во работењето одреден Директор ,Началник или Претседател на одбор на одреден ресор , се поднесува извештај и понатаму работата ја превземаат соодветни институциите кои се надлежни за неправилностите и нестручно работење кое настанало во текот на работењето на одредени функционери од било која природа или карактер на проблемот кој ќе се детектира.

Претпосавуваме дека со овој чин ќе се стави ред во работењето и одговорноста на фунционерите кои ќе бидат поставени од страна на Владата на Република Македонија, но и санкциите кои ќе следат, до колку истите ќе сакаат несовесно и самоволно да обавуваат јавна функција. Тоа значи дека истите , ќе имаат повисоко тело над нив , кое ќе може во секое време да изврши контрола на нивното работење , да ги детектира , до колку ги има , неправилностите во организирањето на нивната работа или други нелогични неправилности кои можат да произлезат во нивното несовесно или некомпетентно работење , при што функционерите ќе бидат во одредена позиција да не можат да прават работи кои не се во интерес или во спротивност на организацијата и законите на државата , во целост , против интересите на граѓаните на Република Македонија.

До колку постои заинтересираност на Државата за ваков систем на самоконтрола на државните институции, можеме понатаму да изработиме правен предлог план за фунционирањето на досега искажаниот концепт на функционирање на Државниот апарат, кој ќе биде од од голем позитивен интерес за сите страни во Република Македонија.

## II) НОВА ЕКОНОМСКА И ПОЛИТИЧКА ВИЗИЈА ЗА СТАБИЛНА, ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА МАКЕДОНИЈА

Економска политика мора да биде во интерес на граѓаните, избегнување на раслојување на многу богати и крајно сиромашни, ограничување на правата на олигарсите да управуваат во сенка со државата преку креирање на доблесна и разумна политика, со чесни намери и интереси за да се одржи и задржи достоинството на граѓананинот и почитување на неговите интелектуални и севкупни вредности.

***Македонија е  граѓанска држава, која треба да го следи и развива граѓанскиот концепт што подразбира ставање акцент врз квалитетот и само квалитетот на поединецот без разлика на националната, етничката, родовата и социјална припадност.***

***Среќен и задоволен граѓанин, кој ја сака својата татковина и посветено дава придонес кон подобрување на општите услови за живот, ја негува слободата на говорот и јасно и недвосмислено изразува критика или негодување за општото добро на заедницата.***

Елиминирање на долгот на државата и нови задолжувања, преку редефинирање на фискалната и монетарната политика, ослободување на пазарот на капитал за целосно соболен влез на инвестиции во банкарскиот сектор, како и влез на приватни инвестициски фондови.

Развивање на програми за управување со водите (како и подземните води), почвата и воздухот, заштитени ресурси на државата.

Создавање на услови за иновативни, инфорамтички и технолошки решенија без стапка на оданочување.

***Со ваков пристап, преку работа и само работа ќе создадеме пристојно место за живеење каде ќе имаме:***

- Економски развој на Република Македонија
- Здрав образовен систем
- Силно здравство
- Зголемено земјоделско производство
- Регулирана држава
- Континуиран раст на БДП
- Рамномерна децентрализација
- Рамномерен регионалн развој
- Максимално искористување на земјоделските површини и индустриските капацитети

***Зголемување на конкурентноста на македонските производи преку намалување на трошоците, користење на енергија од обновливи извори, добивање на стручна помош од соодветни органи и тела за зголемена добивка, следење на пазрот и пазарните политики, олеснување на кредитирањето по намалени и овластени каматни стапки, изедначување на политиките кон домашните производители со странските газди во ТИРЗ зоните, јакнење на конкуретноста на домашниот производ, медиумски кампањи и олеснителен пристап до европски и меѓународни фондови за помош на економијата од домашно производство и зглемување на ефективноста и ефикасноста во***

***работењето преку регулирање на даночната политика и избегнување на двојни и тројни оданочувања.***

## ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во делот на развојот на земјоделието кое е и тоа како поврзано со економскиот развој на Република Македонија , основна и главна дејност , како и база за целокупниот развој на државата е повторно активирање на фабриката за производство на шекер од шекерна репа.со самото производство на шекерната репа се репродуцира во иднина и зголеменото производство на фуражни растенија и враќање на довербата кај земјоделскиот сектор , каде се создаваат услови за зголемен раст , потпомаган исклучиво со субвенции и развојот и на сточарскиот сектор на крупен и ситен добиток на територија на целата држава. Делот на доделувањето на субвенциите во делот на земјоделието ќе се ревидира, подобри и олесни се со цел земјоделците да добијат поповолни и поголеми субвенции.

Во делот на развојот на сточарскиот сектор, државата ќе понуди, пример, доделување и реновирање на стари куќи, на пример во Мариовскиот дел од Македонија, каде фамилии ќе добијат бесплатни куќи во овие краишта и субвенции за нивно реновирање, земјоделски површини под концесија, се со цел да се вратат земјоделците и сточарите на иселените, празни територии во иселените предели. Државата ќе му обезбеди, обавезно пристапен пат и инфраструктура, осветление или субвенции за соларни панели - фотоволтаици, каде новите домаќини ке ги имаат солидни услови за напредок на своите фамилии како и нивните бизниси. Корисниците на овие субвенции, во делот на запуштени земјоделски реони, нарочито делот на централно – источна Македонија а тоа е делот на Овчеполието, ќе бидат ослободени 100 % од данок.

Во вториот дел на економскиот раст , државата треба да обезбеди и основни услови на гарантиран откуп на сите земјоделски производи , преку неколку големи ладилници каде државата , самата или преку јавно приватно партнерство , со неколку тековни откупни центри , на некој начин ке гарантира сигурен откуп на сите земјоделски производи , и можност за контролиран колективен извоз на истите .Во делот на сточарската програма за развој (тоа може да биде и развој на Целата Мариовска област ) , сточарите ке имаат и загарантиран откуп на крупниот и ситниот добиток поткрепен со субвенции , како и окуп на сите млечни сточни производи во нашите прехрамбени капацитети кој ги има во доволен број.

Трет дел од економскиот развој е и субвенционирање на извозот на сите македонски производи кои ке успеат да се пласираат на странските пазари со што ке обезбедиме прилив на девизи од извоз што е многу значајно за Република Македонија.

## НАУКА И МОДЕРЕН ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ - КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗНАЕЊЕ

Образованието е еден од најважните развојни сегменти на секое општество. Тоа е еден од главните носечки столбови на државата без кој е невозможен прогрес и развој на државата.

Образовни реформи согласно потребите на државата, а не спроведување на пилот проекти кои не се компатибилни со развојните политики на Македонија, Затоа, ќе спроведеме целосна реформа во образовниот систем со цел Образованието во Република Македонија да биде по мерка на стопанството, при што посебно внимание ќе се посвети кон стручното образование

Во насока на претходно елаборираното, ПОДЕМ се залага за:

- Зголемување на средствата во државниот буџет наменети за образованието и науката, во апсолутна и релативна смисла, преку примена на принципот на јавно - приватно партнерство;
- Продуцирање на квалитетен наставен кадар,
- Реформи во високото образование посебно во условите за основање и работата на високообразовните установи со цел создавање на квалитетн и конкурентни универзитети
- Во основното и средното образование да се врати и воспитната функција, покрај образовната;
- Осовременување на наставата преку набавка на современи нагледни средства;
- Ставање акцент на стручното средно образование од кои би произлегле профилирани кадри компатибилни на барањата на пазарите на труд;
- Проверката на знаењето во основното и во средното образование, предлагаме да се изведува преку воведување на нов посовремен метод на оценување и истиот да се однесува на самиот процес на образование и наставните програми како можност за преземање на корективни мерки со цел подобрување на образовниот процес во средното образование.
- Реновирање и обнова на сите студентски домови во Македонија;
- Изградба на нови студентски домови низ цела Македонија;
- Размена на професори и носење на нови образовни методи во образованието;
- Поддржување перманентно информатичко едуцирање на наставниот кадар вработен и ангажиран во сите степени на образование како и во науката;
- Дигитализација на образовниот процес и потребната литература за средното и високото образование;
- Обезбедување на бесплатен пристап до бројни светски научни бази и списанија за потребите на високото и научно образование.
- Засилен мониторинг на работењето на високо-образовните установи;

- Зајакнување на постојните универзитетски центри и при тоа укинување на дисперзиите;
- Јакнење на меѓународната соработка на сите нивоа на образование со што ќе се постигне интернационализација на образованието, ќе се зголеми размената на ученици и студенти, како и на академски и стручен кадар, а во едно и ќе се привлечат ученици и студенти од странство да учат и студираат во Република Македонија;
- Зголемување на бројот на стручни средни училишта од кои би произлегле профилирани кадри компатибилни со потребите на пазарот на труд Континуирано стипендирање и кредитирање млади и талентирани средношколци и студенти, на тој начин поттикнувајќи го квалитетот на студирањето и зголемувањето на мотивацијата на младите луѓе за инвестирање во сопственото образование;
- Транспарентност во работењето на институциите од сите степенина образование
- Кадровско екипирање со соодветен стручен кадар на ситео образовни и научни институции, со цел нивно ефективно и ефикасно функционирање;
- Поддршка на секаков тип на иницијативи, проекти и програми за развој на системот на доживотно учење, како и доквалификација и преквалификација на тековните кадри, со цел ажурирање и надградување на постојните знаења, вештини, способности и компетенции на населението;
- Зголемување на фондот за средства за поттикнување на иновации;
- Поддршка на научно - истражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер, со цел интензивно да се развива научната мисла, како и истата да се интернационализира во меѓународни рамки.

## ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

Воведување на здрави здравствени политики усогласени со европското законодавство особено насочени кон националното јавно здравство и здравствената заштита.

Главен приоритет ќе биде вложување во здравјето на граѓаните, правично и еднакво солидарно здравство за сите. Предвидуваме обезбедување на високо ниво на грижа во сите здравствени установи, нудејќи софистицирана дијагностика и современи здравствени интервенции. Нашиот посебен фокус ќе биде во развојот на напредни дијагностички методи, обезбедување навремено откривање на болестите и подобрување на ефикасноста и ефективноста на третманите.

Предвидуваме:

- Целосно департизирање на здравствените центри.
- Зголемување на Буџетот на Фондот и Министерството за здравство.
- Континуирано вработување на лекари и медицински сестри како и загарантирано вработување во јавното здравство на најдобрите студенти на генерација на медицинските факултети и високите медицински школи.
- Бесплатна специјализација и платени дежурства на специјализантите, навремени и планирани конкурси за специјализации.
- Зголемување на плати и надоместоци на сите здравствени работиници како и на администрацијата во јавното здравство – на овој начин сметаме дека ќе ги мотивираме и задржиме во земјата а се разбира со тоа и директно ќе го спречиме одливот на здравствениот кадар.
- Зголемување на капитациониот бод на матичните општи лекари, матичните стоматолози и матичните гинеколози.
- Лимитирање на бројот на пациенти на матичните лекари, со цел подобра грижа за пациентите.
- Зголемување на буџетот за ретки болести и креирање на буџет за Солидарен фонд кој ќе служи за обезбедување средства за лекување во странство (доколку лекувањето не е возможно да се изврши во земјата).
- Проширување на позитивната листа на лекови кои ги плаќа ФЗОМ
- Достапни лекови, медицински средства и опрема за целото население.
- Спшречување на злоупотребата со пропишаните рецепти како и спречување на фиктивно потрошени месечни квоти за набавка на лекови;
- Укинување на паралелниот увоз на лекови со сомнително потекло и зголемување на квалитетот на лекови
- Инвестирање во опрема, надградба, реконструкција и доопремување на сите здравствени установи ширум државата.

## КОНКУРЕНТНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО СО КОНТИНУИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРИНОСИТЕ, СТОЧНИОТ И ЖИВОТИНСКИОТ ФОНД

***Целосно искористување на неискористено земјоделско земјиште***

***Политика насочена кон окрупнување на земјишниот посед***

Преиспитување на начинот на концесионирање и олеснување на пристап за малите и средни земјоделски правни лица.

***НУДИМЕ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ТУРИЗАМ МАКЕДОНИЈА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА.***

ДА СОЗДАДЕМЕ ЕФИКАСНИ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ ЌЕ БИДАТ СИЛЕН ФАКТОР ВО ЗАБРЗАН ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

- **Професионализација на административните служби на локално и национално ниво**
- **Преиспитување на структурната политика:** со посебен приоритет кон инвестициите во енергетскиот сектор.
- Воведување на систем на кариера во државни и јавни служби, односно унапредување на секои 4 години во зависност од резултатите од работата, и евалуирањето и оценките.
- Ефикасно и независно судство - предуслов за привлекување на домашни и странски инвестиции
- Кризен менаџмент

## ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Влезот во ЕУ е предоцна за Македонија да има европско правораздавање и спроведување на правото.

Под слоган кој се поклопува со насловот на клучното поглавје во евроинтеграциите ПОДЕМ го визуелизира евопеизирањето на македонските судство, обвинителство и полиција преку реформи во три правци:

1. Воспоставување на правен систем базиран на универзалните слободи и права на човекот и граѓанинот;
2. Воспоставување на Правосудството како „Трета власт“ во целост;
3. Искоренување на неказнивоста на сите нивоа во државниот апарат и општествениот живот;

Она што мора да биде направено не е ниту лесно ниту едноставно но е неопходно.

Затоа ПОДЕМ предлага:

Редизајн на системот на избор на судии и јавни обвинители преку:

- укинување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители и измени на Законот за судови и Законот за Јавното обвинителство;
- избор на судии во основните судови и обвинители во основните јавни

обвинителства од редот на правните практичари со најмалку 5 години стаж по положен правосуден испит во судовите, обвинителствата, адвокатурата или корпоративното право, на непосредни избори спроведени помеѓу избраните судии/обвинители на подрачјето на судот/обвинителството за кое се избира нов судија/обвинител;

- избор на судии во Апелационите судови и обвинители во Вишите јавни обвинителства од редот на правните практичари со најмалку 10 години стаж по положен правосуден испит во судовите, обвинителствата, адвокатурата или корпоративното право, на непосредни избори спроведени помеѓу избраните судии/обвинители на подрачјето на судот/обвинителството за кое се избира нов судија/обвинител;
- избор на судии во Врховен суд и обвинители во Јавното обвинителство на РМ од редот на правните практичари и универзитетски професори со најмалку 15 години стаж по положен правосуден испит во судовите, обвинителствата, адвокатурата или корпоративното право, на непосредни избори спроведени помеѓу избраните судии/обвинители на ниво на РМ;
- Укинување на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители и пренесување на нивните контролни, дисциплински и казнени надлежности на посебен совет во Врховен суд.
- Избор на судии на Уставен суд од редот на правните практичари и универзитетски професори по Уставно право со најмалку 15 години стаж по положен правосуден испит во судовите, обвинителствата, адвокатурата или корпоративното право, на непосредни избори спроведени помеѓу избраните судии, судии на Уставен суд и обвинители на ниво на РМ;
- Воведување на институт „Уставна тужба“;
- Измени на КЗ со воведување на ново кривично дело „Судење во неразумен рок“ чиј квалификуван облик кога сторувањето на ова дело предизвикало неказнивост на друго кривично дело би бил казнив со казна затвор од најмалку 5 години,
- Измени на КЗ со воведување на ново кривично дело „Тешки дела против правораздавањето“ чиј квалификуван облик кога сторувањето на ова дело предизвикало неказнивост на друго кривично дело би бил казнив со казна затвор од најмалку 5 години;
- Финансиска независност на судството, со гарантиран годишен судски буџет од најмалку 0,3% од годишниот БДП во минатата година;
- Финансиска независност на обвинителството, со гарантиран годишен судски буџет од најмалку 0,3% од годишниот БДП во минатата година;
- Финансиска независност на НП, ДКСК и ДКСД, со гарантиран годишен судски буџет од најмалку 0,1% од годишниот БДП во минатата година;
- Воведување на механизам за одобрување на работата на судовите и обвинителствата на годишно ниво преку:

- Неусвојување на годишен извештај на секој суд поединечно без едногласна согласност на Врховен суд и ЈО на РМ, НП, ДКСК и ДКСД;
- Судот/Обвинтелството чиј годишен извештај не е усвоен задолжително се става под мониторинг на Врховен суд/ЈО на РМ до отстранување на причините за одбивање на извештајот вклучително и кривични постапки против засегнатите;
- Неусвоен извештај на понизок суд/обвинителство автоматски води кон неусвојување на годишниот извештај на ВС/ЈОРМ;
- Неусвоен годишен извештај автоматски води кон времена суспензија на финансирањето на институцијата до отстранување на причините за одбивање на извештајот и исплата на миниламни плати дотогаш;
- Измена на законите за народен правобранител, ДКСК и ДКСД во правец на воведување на ингеренции и капацитети за иницирање и застапување во кривични и прекршочни постапки за овие институции;
- Избор и разрешување народен правобранител, членови на ДКСК и ДКСД во Собранието на РМ со 3/4 мнозинство за мандат од 7 години.

<u>Враќање на судските ингеренции во наследното право и присилната наплата преку:</u>

- Избор на нови нотари да го прави Собранието на НКРМ со 2/3 мнозинство според постојните критериуми за стручност со можност за само кандидирање и без примена на територијалниот нумерички клуч и критериумите за просторни и матерјални услови;
- Намалување на ингеренциите на нотарите во делот на наследното право и присилната наплата на побарувања.
- Избор на нови извршители да го прави Собранието на КИРМ со 2/3 мнозинство според постојните критериуми за стручност со можност за само кандидирање и без примена на територијалниот нумерички клуч и критериумите за просторни и матерјални услови;
- Намалување на ингеренциите на извршителите во делот на присилната наплата на побарувања.

Воведување на ингеренции и капацитети за поведување и застапување во кривични и прекршочни постапки во делогругот на ДЗР.

Избор и разрешување на ревизори во ДЗР во Собранието на РМ со 3/4 мнозинство за мандат од 7 години.

Финансиска независност на ДЗР, со гарантиран годишен судски буџет од најмалку 0,1% од годишниот БДП во минатата година;

Ветинг на сите избрани судии, обвинители, нотари и извршители спроведен од ДЗР и разрешување на истите по сила на закон доколку се утврдат неправилности.

Реформа на ДП на начин што ДП ќе се бира во Собранието на РМ со 3/4 мнозинство за мандат од 7 години исклучиво на заеднички едногласен предлог на Уставниот и Врховниот Суд.

Измени во законите за полиција, АНБ, ОТА, ВР, АРМ, ФП и АР на начин што внатрешната контрола од сите овие органи ќе се фузира и ќе прерасне во посебен оддел во ДП со самостојни ингеренции и капацитети за поведување и застапување во кривични постапки.

Законодавна иницијатива со цел исправање на најголемите неправди досега сторени на граѓаните со злоупотреби на законодавниот процес и тоа:

- Измени на Законот за енергетика во насока на: укинување на надоместот за услуги за исклучени корисници; и утврдување на висината на надоместот за енегетските и водните ресурси зависно од цената на нивно чинење за производство и допремање за подрачјето на секоја општина посебно;
- Донесување на Закон за воените ветерани од 2001 и прогласување на ранетите припадници на МВР и АРМ за воени инвалиди со сите права согласно закон и наградување на сите загинати припадници на МВР и АРМ со орден за храброст при што согласно изреката на указот на орденот ќе се подразбира стамбено, професионално и образовно згрижување на нивните роднини од прв степен и брачниот другар;
- Поништување на законите за амнестија на ОНА и изградба на автопатите Демир Капија-Смоквица, Кичево-Охрид и Коридори 10Д и 8;
- Поништување на Законот за домување поради неуставно ограничување на сопственоста;
- Поништување на легислативата која стимулира изградба на фотоволтаични централи и мали хидроцентрали на земјоделско земјиште;
- Укинување на одредбите од Закон за данок на имот кои стимулираат еднаков третман во оданочувањето на трошни наследени градби во селски атари и нови или обновени викенд куќи.
- Законодавна иницијатива за измени на законите за високо образование, полиција, АНБ, ОТА, ВР, АРМ, ФП и АР во насока на враќање на полициската и воената академија во системот за безбедност и регрутација на кадри за безбедносниот апарат исклучиво од редот на дипломците на овие академии;
- Законодавна иницијатива за измени на законот за високо образование во правец на укинување на нереалната бројка на правни факултети во земјата согласно објективен ранг на Шангајската листа.

Владеењето на правото на ниво на целата територија на Република Македонија Надзор и контрола на работата на судиите и државните службеници вработени во Судовите.

***ПОДЕМ се залага за:***

- Примарно значење на човековите слободи и права, како најбитен елемент на владеењето на правото;
- професионално и деполитизирано судство;

- Укинување на Академијата за судии и јавни обвинители заради нееднаквоста во можноста за пристап на еднакво вработување и функции преку сумата која се плаќа и условот за просек 8.
- Воведување на к.дело во Кривичен закон под наслов „Застарување на дело при вршењена судиска функција, со казна затвор од 5 до 10 години“.
- Правна сигурност на граѓаните;
- Обезбедување на неопходните услови за развој на граѓанското општество;
- Еднакви шанси за сите.
- Човековите слободи и права и независното и непристрасно судство Професионалното и деполитизирано судство е предуслов за интеграциите на Република Македонија
- Реална финансиска независност на судството, со што влијанието од останатите две власти ќе биде отстрането;
- Транспарентност во работата на судството;
- Поефикасно и поекономично решавање на судските предмети, преку донесување на законски прописи;
- Редовна контрола на работата на судиите, преку однапред утврдена правна рамка;
- Подобрување на работата на судовите со млад и стручен кадар.

## *ЧОВЕКОВИ ПРАВА*

Да се овозможи Канцеларијата на Народниот правобранител целосно да функционира во согласност со Париските принципи, целосно независна и во однос на финансирањето.

- Континуирана и систематска борба против корупција со создавање на прецизно утврден систем и споредбена анализа на политики.
- Промовирање на учеството и рамноправна застапеност на жените во владиниот и приватниот сектор и спроведување на позитивни мерки во согласност со таа цел.
- Обезбедување обука за полицијата, граничната полиција, судиите, адвокатитеи други релевантни персонал, со цел да се подигне свеста за чувствителноста на прашањето на човековите права.
- Воспоставување нанезависни тела за мониторинг за полицијата и правосудниот систем.
- Судењето во неразумен рок остро да се казнува со високи парични надоместувања на жртвите
- Да продолжи да се имплементира и спроведува законот за борба против трговијата со жени и деца.
- Обезбедување обука за полицијата, граничната полиција, судиите, адвокатите и други релевантни институции, со цел да се подигне свеста за чувствителноста на прашањето на трговијата со луѓе и правата на жртвите.

- Ќе се превземат сите можни мерки за спречување на понатамошна сегрегација на децата од сите националоности и интегрирање во едиствен општествен систем.

Извршната, законодавната и судската власт ќе одговори на барањата за информации и да дејствува на сите препораки од Канцеларијата на Народниот правобранител во врска со истрагата за жалби за наводни прекршувања на економските, социјалнитеи културните права, како и граѓанските и политички права.

Донесување на посебен Закон за сексуално вознемирување и систем на следење и детални информации за бројот на регистрираните поплаки за сексуално вознемирување на работното место, како и за мерките преземени за да се испита и да ги извршуваат таквите поплаки и нивната ефикасност.

Превземање на сите неопходни мерки за борба против феноменот на децата на улица и да ги заштити нивните семејства, Влучување наневладините организации и другите членови на граѓанското општество во процесот на дискусија на национално ниво во процесот на одлучување.

Воспоставување на Национален Совет за разледување на заклучоци на меѓународни тела и оргазнизации каде Република Македонија е членка, и задолжен за спроведување и имплеметирање во националната политикаи стратегија.

***Во делот за правосудство и правосудниот систем ПОДЕМ ги дава следниве предлози:***

**А) Кај нотарите**

- да може да работи нотар секој што исполнува услови т.е. да не биди ограничено по жител на население;
- да се забрани нотарите да прават договори освен нивна заверка, а тие договори заради правна сигурност да имаат печат од адвокат;
- дадените надлежности да се вратат во судовите (напр.платните налози и др. од аспект на економичност на постапката);

**Б) во делот на законот за парнична постапка и Законот за кривичнапостапка да се направат следниве измени:**

- заиземањенасудијадаимаправодабараи адвокати судотдабиде обврзан да го иземи судијата во секој случај кога се бара иземањеод адвокатот.
- да се појасни што значи йземање во други случаи и да се бара иземање и кога судијата нестручно ја води постапката;
- по жалба кога одлучува второстепен суд при донесување на пресудата да биде должен да одлучи и да ги образложи вопресудата и оние околности на кои внимава по службена должност;

- да се донесе единствен закон за сè она што спаѓа во прекршочни санкции;
- да се укинат фискалните каси на адвокатите и истите за примените парични средства од странките да водат посебни книги и за сите приливи како готовинско плаќање и преку жиро сметка да се задолжат да изготват фактура.

## КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ

Искуствата во минатото во справувањето со пожарите и поплавите, многу одамна сигнализира дека системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување не функционираат како интегриарн систем, од една страна заради законските преклопувања, од друга страна заради погрешни законски толкувања проблемот се рефлектира на не ефикасен и не ефективен одговор за справување со природни непогоди и од чеовек предизвикани несреќи.

Најголемиот ризик е загубата на човечки животи, имоти, проследено со социјални и економски последици како за директно загрозените, така и за буџетот на локалната самоуправа и државата. Комплицираните нејасни процедури за соработка меѓу институциите сособено со полицијата и армијата, ја разводенува, одолговлекува и успорува навремента реакција за справување со ново настанатата ситуација или пак користејќи партиска моќ се постапува надвор од законските решенија, со цел да се излезе во пресрет на барањата на загрозените и повредените жртви.

Заради тоа неминовна е трансформација на системите во еден единствен систем за цивилна заштита, со етаблирање на систем за интегрирана безбедност како парцијален, безбедносен сегмент од внатрешната и надворешната безбедност.
Вклучување на сите засегнати страни по принцип на проценка на влијание на регулативата и методологијата за стратешко планирање, сумирање на сите досега направени анализи и креирање на дополнителни, со цел утврдување на нова состојба.

Целта е креирање на современ и модерен пристап на цивилната заштита со примена на меѓунрадони стандарди, трнспонирање на директиви, согласно легислативата на ЕУ и НАТО улогата на цивилно военото планирање при итни и вонредни ситуации, како и усогласување со Лисабонскиот договор и со решенијата на земјите членки во регионот.
Со носење на ново законско решение, координацијата со територјалните против пожарни единици (ТППЕ) би била далеку поефикасна, а посебна ставка од Буџетот би било решение за обезбедување на нивните ресурси и капацитети, обновување на истиите, едукација и кондиционирање. ТППЕ на тој начин би биле усогласени и консолидирани во одговорот. Секако би се подигнал авторитетот и реномето на овие единици, кои се први на терен, но нивната улога е далку од почитувана. Со континуирани обуки по различни специјалности овие единици кои се 24 часа ангажирана структура, би можело да одговорат за различни типови на несреќи, пред се индустриски, кои се комплексни.

За таа цел единствениот Центар за обука и едукација за таа намена би ја оправдал својата улога и очекување со професионален кадар и капацитети и за обука и едукација на командните структури на сите нивоа по сите специјалности (оперативно, тактичко и стртешко).

## ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ-СИГУРНИ И ПОВИСОКИ ПЕНЗИИ

Стабилен и одржлив пензиски систем

- ✓ Сигурност во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување;
- ✓ Пензија за сите
- ✓ Јакнење на довербата на јавноста во пензискиот систем преку континуирана едукација и информирање на јавноста;
- ✓ Обезбедување повисок животен стандард по пензионирањето за осигурениците вклучени во едностолбниот или двостолбниот пензиски систем;
- ✓ Редовна исплата на пензии од задолжително пензиско осигурување;
- ✓ Извештаи од страна на приватните пензиски фондови до пензиските осигуреници за индивидуалните сметки, уплатените придонеси, капитализацијата и акумулираните средства;
- ✓ Создавање подобри услови за организирање професионална пензиска шема од страна на работодавците, здруженијата на граѓани, во која ќе членуваат сите и/или дел од вработените со цел обезбедување дополнителен приход на своите вработени по пензионирањето и обезбедување мотивираност и лојалност на постојните вработени; Донесување на Закон за исплата на пензиски надоместоци од задолжително и доброволно капитално пензиско осигурување.

## ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Главната стратешка цел на Програмата на ПОДЕМ, во делот кој се однесува на Труд и социјална политика, се однесува на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија и обезбедување на социјална сигурност и заштита на населението од социјални ризици.

Социјалното осигурување вклучува различни видови на заштита и поддршка што општеството треба да ја обезбеди на своите членови преку државата.

Програмата на ПОДЕМ нуди мерки и активности кои се насочени кон реализирање на главната стратешка цел - намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, преку поефективно користење и зајакнување на човечките и материјалните ресурси, подобрување на условите за живот и работа и на општествените услови на сите граѓани, институционално содејство во функција на повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани, концентрирани во следниве подрачја:

1. Подобрување на условите и можностите за вработување со запазување на родова рамноправност при вработувањето
2. Социјална и детска заштита, унапредување на здравствената заштита и еднаков пристап до неа за сите деца
3. Зголемен пристап за вработување и социјална инклузија посебно за младите и за одделни ранливи групи
4. Креирање на еднакви можности при вработување за лицата со посебни потреби
5. Исполнување на уставното начело за правична и адекватна застапеност при вработувањето.

**1. Намалување на долготрајната невработеност**

Основна стратешка цел е подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста, особено кај ранливите категории,

- ✓ Подобрување на стандардот на живеење и јакнење на
- ✓ Претприемништвото.
- ✓ Подобрување на условите и можностите за вработување
- ✓ Зголемена родова рамноправност при вработувањето

- ✓ РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ;
- ✓ ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМАШТВО;
- ✓ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАЈЧИНСТВОТО ПРЕКУ МОДЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА И ВО ПЕРИОДОТ НА 2 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ДЕТЕТО;
- ✓ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖЕНАТА ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНИ ПРЕГЛЕДИ И ПРАВА ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА;

**2. СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА, УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО НЕА ЗА СИТЕ ДЕЦА**

- Заштита на децата и еднаков пристап до здравствена заштита и образование и запознавање на децата со нивните права.
- Обезбедување финансиска помош на самохрани мајки и татковци и сиромашни семејства;
- Алтернативни форми во системот на социјална заштита на децата (деинституционализација);
- Бесплатно високо образование и вработување на децата без родители;
- Интензивирања на мерките за намалување на смртноста кај новороденчињата, особено кај ранливите социјални групи.
- Спроведување на мерки за подобрување на достапноста до здравствените услуги и до лековите од позитивната листа.
- Кампањи за подигање на свеста за значењето на Конвенцијата за правата на детето уште од основните училишта, во насока на целосно запознавање на правата кои ги имаат децата, како би можеле да ја препознаат нивната евентуална повреда

### 3. Заштита на деца и млади лица зависнци (злоупотреба на дроги, алкохол и други психотропни супстанции)

- Спроведување на мерки за навремено откривање, превенција и мониторинг на злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции,
- Отворање на поголем број на Центри за лекување на деца и млади кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и работа во полза на нивното психичко здравје;
- Реализација на проекти за превенција од зависности од наркоманијата, алкохолизмот;
- Реализација на проекти за постручени попрофесионален третман на лицата зависни од дрога и алкахол.
- Трибини од областа на семејното насилство во кое ќе бидат вклучени и стручни лица и жртви на семејното насилство;

### 4. Креирање на можности за вработување и социјална инклузија за лицата со посебни потреби, стари лица и други маргинализирани категории

Создавањето на еднакви можности за лицата со посебни потреби, претпоставува изработка на посебни годишни и среднорочни програми за рехабилитација и интеграција на овие лицата на пазарот на трудот, со што се овозможува нивната социјална инклузија во општествени рамки. Овие мерки неопходно е да бидат следени со финансиска поддршка на државно и на локално ниво, која ќе биде коректор на неперфектноста на пазарниот интерес за оваа категорија граѓани.

- Субвенционирање на вработување на инвалидни лица со цел зголемување на вработливоста и социјалната вклученост на оваа категорија на невработени лица и нивно интегрирање на пазарот на трудот
- Отворање дневни центри за лица со посебни потреби, со кои ќе раководат стручни тимови, со цел нивна ресоцијализација
- Јавни манифестации за поттикнување на свеста за инклузија на лицата со посебни потреби;
- Изработка на инфраструктура за достапно движење на лицата со посебни потребни, во културните, забавните институции и сите останати институции и објекти.
- Воведување стандарди за сите нови градби, каде ќе биде изградено соодветно место за движење на лицата кои користат помагала за движење.
- Пензија за секој, обезбедување пензија во висина од 80% од минималната плата за сите граѓани на РМ кои не ги исполнуваат условите за пензионирање.
- оставување топли оброци за стари и немоќни лица во нивните домови;
- Нови концепции на социјални сервиси за помош на старите лица и лицата со посебни потреби;
- Отворање прифатилишта за бездомници во секој град во Македонија;
- Борба против трговијата солуѓе и злоупотребата на жении деца; Поддршка на интеграцијата на маргинализираните етнички групи (Ромите);
- Формирање на донаторски фондови за помош на семејства без примања, семејства со ниски примања, како и помош на населението при елемнтарни непогоди (поплави, пожари и сл.)
- Намалување на класната разлика (богати-сиромаси) и зголемување и зајакнување на средната класа во општеството

**ПОДЕМ ги истакнува следните предлог мерки за остварување на основната цел:**

- Спроведување на систем за социјална заштита, според кој сиромашните граѓани имаат бесплатни здравствени услуги;
- Заштита и еднаквост како и социјална инклузија на маргинализираните групи;
- Еднаков приста при вработување на сите граѓани на Република Македонија;
- Образование, обуки и работилници за стекнување на потребното знаење и вештини, според потребите на пазарот на трудот;
- Спроведување обуки за преквалификација и доквалификација;
- Проекти за стекнување основни менаџерски и лидерски вештини и знаења за основање сопствен бизнис.

- Проекти за материјална и искуствена поддршка на невработените, младите до 29 години кои ќе започнуваат свој бизнис.
- Донесување на Закон за социјално претприемништво како водечка сила за развојна социјална економија – ПОДЕМ настојува за државна поддршка на иновативни бизниси во социјалната средина за сите ранливи групи.
- Заштита на старите и изнемоштените лица преку поттикнување на меѓу генерациска солидарност преку вон институционални форми на заштита.
- ПОДЕМ се грижи за старите лица преку отворање Дневни центри во рурални средини.
- Донесување на Закон за стручна рехабилитација и вработување инвалиднилица–ПОДЕМсе залага за социјална инклузија по европски стандарди.
- Унапредување на системот за социјална заштита преку измени и дополнување на законската регулатива која е ригидно поставена за примателите на социјална парична помош кои примиле парични средства од трансфери и земјоделска помош, а се исклучуваат од системот преку враќање средства на државата – ПОДЕМ обезбедува вистинска социјална превенција за сите лица кои се нашле во социјаленризик БЕЗ ИСКЛУЧОК.
- Отворање мини детски градинки во руралните средини, преку отворање можности за лиценцирани лица во рамките на своите домови да се грижат за деца на предучилишна возраст- ПОДЕМ не ветува, туку ОСТВАРУВА
- Обезбедување образование за сите – ПОДЕМ се залага за поттикнување на отворање Приватни студентски домови содржавна помош и социјално вклучување на студентите БЕЗИСКЛУЧОК
- Доследна борба против сиромаштијата и социјалната исклученост е наша обврска, а загарантирано право на граѓаните

ПОДЕМ има сили, интелектуален капацитет и можност зарадикално намалување на сиромаштијата. На тој начин придонесува за **ПОДЕМ**
**НА МАКЕДОНИЈА**

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Претприемништвото како движечка сила на пазарните односи и на ангажирање на факторите за производство несомнено бара услови и поддршка кои ќе го воспостават системот на претприемничко ангажирање на граѓаните во сите сфери на делување.

1) Поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија и занаетчии) за отварање на нови работни места. 25

2) Зајакната промоција промоција промоција на нефинансиски и финансиски форми на поддршка на претприемништвото, подигнување на јавната свест на претприемништвото, за значењето на претприемништвото, подобрување на

вештините на претприемачите, со цел зајакнување на конкурентноста на постоечките претпријатија.

3) Поддршка за започување на сопствени бизниси и самовработување преку работување обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста (од АП вработување)

4) Давање помош на претприемачите помош на претприемачите помош на претприемачите за учество во проекти, навремени информации за објавени тендери во рамки на ИПА, ФП7 и други програми и фондови на ЕУ, до кои македонските компании и институции имаат пристап.

5) Поддршка на бизнис центрите, бизнис инкубаторите и техничко-техничкотехнолошките паркови технолошките паркови и со зајакнување на капацитетот на постојните регионални центри, со развој на бројни програми кои ќе обезбедат нови деловни врски низ светот. Особено важно за развој на пазарот и на капацитетите, е основање на нови и поддршка на постојните деловни деловни инкубатори инкубатори, со што се обезбедуваат бројни услуги за малите и средните претпријатија.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ- ЖИВОТ ВО ЗДРАВА СРЕДИНА ЗА СЕГАШНИТЕ И ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Живот во чиста животна средина е уставно загарантираноправо на граѓаните на Република Македонија.

Користењето на најдобрите достапни техники во областа на заштитата на животната средина обезбедуваат заштеда на ресурсите, енергијата, го зголемуваат профитот и конкурентноста на компаниите и овозможуваат отворање на нови работни места.

Знаејќи го ова, **ПОДЕМ во оваа свера нуди вистински решенија:**

- Спроведување на проектите за преработка на смет и содавање на енергија.
- Целосноусогласувањеназаконскатарегулативасозаконодавството на ЕУ преку зајакнување на капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Промоција и поддршка (финансиска и законска) на проекти за користење на обновливи извори на енергија;

- Субвенции за сите субјекти кои користат чисти технологии (фабрики за рециклирање, третман на отпад и отпадни води);
- Формирање на Фонд за животна средина во кој финансиските средства од еколошките такси и казни ќе бидат искористени на проекти за заштита на животната средина;
- Формирање на Агенција за животна средина – стручна, компетентна и независна агенција која ќе ги спроведува законските прописи обединувајќи ги постојните органи во рамки на МЖСПП- Управа за животна средина и Државен инспекторат за животна средина;
- Даночни олеснувања при увоз на машини, апарати, технологии кои се во интерес на заштита на животната средина (филтри, пречистителни станици, возила за собирање и преработка на отпад, инсенератори);
- Воспоставување адекватен систем за собирање, селектирање и преработка на сите видови секундарни суровини и опасен отпад;
- Ревизијанастратегијатазауправувањесоотпад;
- Изградба на пречистителни станици за отпадни води во најкус можен рок;
- Доследно спроведување на системот за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ);
- Подигнување на јавната свест за потребата од заштита наживотната средина преку финансирање на проекти на невладини организации, здруженија на граѓани и поединци;
- Финансирање, поддршка и имплементација на научни проекти од академските кругови;
- Поттикнување на младите да ја развиваат својата кариера во оваа област преку стипендирање, поголема понуда на наставно-научни насоки во областа на екологијата од страна на факултетите, зголемена понуда на работни места од страна на работодавачите за овие кадри преку поставување на законска рамка за вработување на лица со ваков тип на образованиекругови;
- Решавање на проблемот со историското загадување од страна на државата;
- Јасна законска рамка за продажба на фирми кои имаат историско загадување;
- Превземање на итни мерки за намалување на емисијата на штетни честички во воздухот од РЕК Битола;
- Итно доршување на колекторскиот систем за отпадни води во Охрид и изработка на проекти за заштита на Преспанското и Дојранското езеро.

ЕНЕРГЕТИКА-ВЛОГ ВО ИДНИНАТА

Намалување на зависноста на РепубликаМакедонија од увезена струја преку: ПОДЕМ се залага за:

- Зголемување на експлоатацијата на еколошки, домашни обновливи извори на енергија, односно производство на зелена енергија;
- Систематизирано и координирано спроведување на мерки за енергетска ефикасност во јавни и приватни згради, индустријата и енергетските капацитети;
- Креирање механизми за знаење на можностите и придобивките на општините при воведување на технологии за поголема употреба на обновливите извори на енергија и примена на мерки за енергетска ефикасност;
- Формирање општински инфо центри за информирање на граѓаните за начинот на искористување на обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност;
- Поддржување и инвестирање во проекти за имплементација на обновливите извори на енергија и производство на зелена енергија;
- Стимулирање на штедењето и зголемување на ефикасноста за искористување на енергијата.
- Бенифицирана цена на електричната енергија за општините Битола, и Новаци.
- Гасификација(природенгас)и тоа:

Зграда на топлани на гас кој ќе се користат во почеток согас во цистерни до моментот на изградбата на гасоводот до Битола;
Изградба на комплетна гасна мрежа во општина Битола и пошироко;
Изградба на мали хидро електрани од 30-350 kw на сите водни

## МАКЕДОНИЈА СТАБИЛНА, ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА

ПОДЕМ смета дека приближувањето на Република Македонија кон Европската унија не значи само усвојување на европската легислатива, нејзина примена и усогласување со пишаните европски норми. Имено, тоа подразбира и креирање на менталитет компатибилен со оној на граѓаните на државите членки на ЕУ и идеолошка матрица којашто е конзистентнасо Европската. Правилата и процедурите без емотивните компоненти се како форма без содржина, а емоциите без нормирање на односите помеѓу граѓаните и институциите се како аморфна маса.

Од тие причини, потребно е дијалектичко единство наформалните и неформалните елементи коешто со сигурност би генерирало стабилни и правилни евроинтеграциски процеси за Република Македонија.

ПОДЕМ се залага за проактивен однос на меѓународен план. Да упатиме силен глас до сите политички европски фактори, па и пошироко, во име на нашата кауза. Гласот за тоа дека, Македонија нема да се откаже од своето име, посебно нѐ без согласност преку референдум на македонскиот народ. Затоа, ПОДЕМ ги повикува сите кои ѝ посакуваат добро на Македонија, без оглед дали се партии, големи или мали, организации или поединци, секој на свој начин да го испрати тој свој глас до Европа.

Во насока на претходно елаборираното, **ПОДЕМ се залага за:**

- Забрзан од кон ЕУ, како и за целосно исполнување на Копенхагенскитеи Мадридските критериуми, етаблираниод страна на ЕУ;
- Максимално го поддржува постепеното усвојување на acquis communautaire во правниот систем на Република Македонија, бидејќи смета дека на тој начин ќе се постигне целосна компатибилност со правилата и прописите кои важат во ЕУ;
- Целосно кадровско екипирање на сите институции кои имаат непосредни или посредни ингеренции во процесот на европска интеграција со стручни и компетентни кадри, кои ќе дадат максимална контрибуција во процесот на европска интеграција на Република Македонија;
- Поддршка на секаков тип на иницијативи, проекти и програми кои потекнуваат од граѓаните, а имаат за цел да го поддржат процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија;
- Поддршка на научно-истражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер, коишто се реализираат во соработка со Европската Унија како ентитет, односно со нејзини држави-членки, со цел интензивно да се развива научната мисла во Република Македонија, како и истата да се интернационализира во меѓународни рамки;
- Масовно запознавање на граѓаните со процесот на европска интеграција, како и нивно темелно информирање по соодветните области, со цел информациите да допрат до повеќе таргет групи на граѓани и со интенција да бидат максимално искористени и валоризирани;
- Воведување на задолжителен предмет – Европска интеграција во сите средни училишта, со цел запознавање на средношколците, т.е. младите луѓе со вредностите, идеите и активностите на Европската Унија;
- Формирање на инфо-центри и инфо-точки на целата територија на Република Македонија, кои ќе имаат за цел да ги информираат граѓаните и да ги снабдуваат со корисни информации и материјали (книги, брошури, публикации и сл.), а се однесуваат на Европската Унија и европската интеграција;
- Етаблирање на поголем број на лоби групи во државите- членки на Европската Унија, но и во САД, како и во другите светски велесили, кои ќе бидат

македонски и странски државјани, а кои ќе имаат задача да ја промовираат Република Македонија и да и обезбедат што побрз влез во Европската Унија.

## ОДБРАНА - ПОДЕМ ЗА СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

Армијата е постојано посветена и подготвена за исполнување на својата основна уставна обврска и стратегиска мисија - одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независност на Република Македонија. Во тој контекст таа континуирано пружа поддршка на државните институции во услови на криза и кризни состојби.

Наши приоритети во надворешната и одбранбената политика, а во функција на остварување на Уставната надлежност во делот набезбедноста и одбраната ќе биде **полноправното членство во Европаската Унија**.

Во рамките **на интеграцијата во ЕУ**, ќе продолжиме да придонесуваме со расположливите национални капацитети и ресурси во рамките на Заедничката надворешна и безбедносна политика, посебно во каталогот на борбените сили на ЕУ и во концептот на Борбените групи на ЕУ. Тоа подразбираунапредување на постојните, но и развој на нови способности и капацитети на Армијата на Република Македонија интероперативни со оние на земјите членки на НАТО и на ЕУ.

- Преку процесот на **Трансформација на МО** ќе создадеме модерно Министерство со прецизно дефинирани функции и надлежности со професионална администрација подготвена во секој момент да одговори на својата мисија, како на национално така и на наднационално ниво.
- Со **трансформацијата на АРМ**, ќе ја зголемиме нејзината ефикасност, ефективност и флексибилност, ќе обезбедиме попроста линија на командување и поголема пополнетост на командите и единиците како со поерсонал така и со воена опрема и техника. Со преструктуирањето, целта е Армијата да биде пополнета во своите команди и единици на ниво од минимум 90% професионален воен персонал и 100% воена опрема. Исто така ќе ги развиваме распоредливите капацитети и способности на Армијата, како и декларираните единици за учество во меѓународни операции предводени од НАТО и од ЕУ,.
- Ќе продолжиме со развојот на **распоредливите способности и капацитети** на Армијата. До почетокот на 2021 година Република Македонија ќе развие а потоа и одржува една распоредлива средна пешадиска баталјонска група (СПБГ), за придонес во операции предводени од НАТО како и неколку помали единици.

- Ние сме свесни дека клучен елемент за успехот на секоја армија е високо обучениот, мотивиран и квалитетен професионален воен персонал. Поради тоа долгорочно ќе инвестираме во **обуката на персоналот на Армијата**. Обуката и оценувањето на декларирани единици за меѓународни операции (средна пешадиска баталјонска група и други) ги спроведуваме согласно Концептот на НАТО за оперативни способности т.е. согласно CREVAL и TACEVAL стандардите.

Во делот на **опремување и модернизација на Армијата**, во наредните десет години ќе го поддржиме одбранбениот буџет со пораст од 1,2% до 1,60% од БДП годишно. Тоа ќе ни овозможи да инвестираме повеќе од 200 милиони евра во реализацијата на планираните проекти за опремување и модернизација на Армијата со што повеќе би го подобриле придонесот во операциите предводени од НАТО и од ЕУ. Планираме во наредниот период да инвестираме и да ги финасираме проектите во делот на копнените сили

- набавка на оклопни борбени возила на тркала, од кои дел со противоклопни оружени системи, неборбени моторни возила, опрема за индивидуална и колективна АБХ заштита, батерија од шест хаубици 155мм, опрема за лесно маневарската медицинска станица, нови пушки 5,56мм .

- Во делот на опремувањето и модернизацијата на воздухопловната компоненета на АРМ планираме да ги реализираме следните проекти: завршување на Центарот за обука на пилоти, набавка на 3 Д радарски систем како дел од БРАА Диницијативата и ремонт и модернизација на десет хеликоптери до 2028.

- Во делот на опремувањето и модернизацијата, како и во развојот на борбените способности и капацитети на АРМ, активно ќе ги користиме и предностите кои ни ги нуди Концептот на паметна одбрана на НАТО. Тоа подразбира и развој на заеднички регионални капацитети и пособности со нашите партнери и сојузници.

- **Воената академија** ќе ја развиеме во модерна регионална високо образвонаинституцијакоја ќепродуцираофицери – лидеринесамо за потребите на АРМ туку и за потребите на армиите од земјите од регионот и пошироко. Ќе ја акредитираме да изведува настава и обука и за трет циклус на студии од областа на безбедноста и одбраната како за домашни потребитака и за заинтересираните каднидати од земјите од регионот.

- Капацитетите и перформансите на **Центарот за обука на пилоти** го чинат атрактивен и за обука на пилоти од други земји. Во наредниот период овој најсовремен Центар ќе го отвориме и за обука на пилоти и за земјите од регионот и пошироко, кои се заинтересирани да обучуваат свои пилоти, но и

да ги извежбуваат постојниот пилотски кадар на симулатори за летање. Реактивирање на наменските капацитети за потребите на одбраната во функција на отворање нови работни места;

### *Придонес во меѓународни операции*

Една од стратегиските мисии на Армијата е и придонесот во меѓународните операции предводени од ООН, НАТО и ЕУ. Републик Македонија согласно своите национални интереси стратешките определби и цели а во насока на зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во светот и регионот, денес активно учествува во меѓународни операции предводени од НАТО, Европската унија и Обединетите Нации.

Во народниот период планираме да го продолжимеи зголемиме нашиот придонес во меѓународните операции согласно националните ресурси и капацитети. Ќе продолжиме со учеството во пост - ИСАФмисија на НАТО во Авганистан - Resolute Support и континуирано ќе даваме свој придонес со персонал во рамките на борбените групи на Европската унија.

Исто така планираме поактивно да учествуваме и во меѓународните операции предводени од ООН со наши мировници.

### *Животен стандард на вработените во АРМ*

Припадниците на Армијата се свесни за економските можности на државата и нивниот морал е на ниво кое што обезбедува извршување на поставените мисии и задачи. Затоа, нашите напори во наредниот период ќе продолжат да одат во правец на постојан напредок, надградба, и унапредување на условите во кои работат и живеат припадниците на АРМ, како и унапредување на животниот стандард. Ни останува да се бориме да обезбедиме доволно финансиски ресурси за реализација на овие заложби согласно економските можности на државата.

### *Меѓународна одбранбена соработка*

Република Македонија е значаен придонесувач кон регионалната соработкаисиленпромоторнарегионалнатаодбранбенасоработкаво рамките на сите регионални иницијативи. Во рамките на САД-Јадранската повелба заеднички со сите земји ќе се продолжи со работа на имплементација на проектите во духот на НАТО концептот за Паметна одбрана и во сферата на опремувањето и модернизацијата.

За реализација на оваа цел **ПОДЕМ ќе се залага за следниве проекти:**

- Балкански регионален пристап за против-воздушна одбрана,

- ➢ Регионални медицински сили,
- ➢ Регионални капацитети за справување со вонредни ситуации од невоена природа,
- ➢ Заедничко образование и обука,и
- ➢ Развој на други заеднички регионални проекти во доменот на модернизација и опремување на вооружените сили.

### *Логистичка поддршка иинфраструктура*

Ќе продолжиме со планот за дивестирање на неперспективната опрема и вооружување, вклучително и непотребната инфраструктура и објекти. Инфраструктурата и објектите ќе ги ставиме во функција на севкупниот развој на Република Македонија со што ќе се придонесе за поголема благосостојба на граѓаните.

Истовремено, ќе продолжиме да инвестираме во изградба на инфраструктурни објекти како за потребите на Армијата така и за потребите на граѓаните на Република Македонија.

## НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА - РЕСПЕКТАБИЛНОСТ НА РЕУБЛИКА МАКЕДИНИЈА ВО СВЕТСКИ РАМКИ

Надворешната политика е една од  најважните функции на државата. Таа е лицето на државата пред светот. Од тоа каква надворешна политика има една држава зависи нејзиниот углед во меѓународната заедница. Основните цели и задачи на секоја надворешна политика се адекватно претставување на земјата во светот одбрана на нејзините витални национални интереси, заштита на интересите на граѓаните иа фирмацијана земјата.

Во време на зголемена глобализација и интеграција на државите, Република Македонија мора да има надворешна политика со која ќе се афирмира како самостојна и суверена држава, а истовремено ќе се отвори кон светот кој интензивно се поврзува.

Затаа цел, **ПОДЕМсе залага за:**

- Професионализација и деполитизација на македонската дипломатија – дипломати од кариера наместо партиски војници во дипломатско-конзуларните претставништва и мисиите во меѓународните организации;
- Водење проактивна надворешна политика со која Република Македонија ќе се афирмира како сериозен чинител во меѓународните односи;

- Продлабочување на меѓусебните односи и соработката со стратешките партнери;
- Интензивирање на регионалната соработка во насока на одржување на регионалната стабилност;
- Унапредување на билатералните односи со соседите, засновано врз вземно почитување и реципроцитет;
- Усвојување долгорочна национална стратегија за надворешната политика, со која ќе се даде јасна рамка за конструктивноста, мирољубивоста и приматот на добрососедските односи и регионалната соработка за просперперитетот на целиот регион;
- Поголема заштита и промоција на националните интереси во светот;
- Соодветна грижа за Македонците во соседните држави и за македонските граѓани во другите држави, со доследно почитување на принципот за немешање во суверенитетот и внатрешните работи на другите држави;
- Зголемување на придонесот кон светскиот мир и безбедност и поддршка на НАТО процесите и реформите што се спроведуваат во континуитет;
- Доекипирање на постојните дипломатско-конзуларни претставништва и отворање нови во државите и градовите во кои што живеат односно престојуваат поголем број македонски државјани.

## ОПШТИНИТЕ-ЈАДРО И ОСНОВА ЗА ПОДЕМ НА МАКЕДОНИЈА

Времето е најреткото богатство затоашто е единственото нешто кое ние не можеме ниту да го произведуваме ниту да го разменуваме, ниту продаваме. Можедаго споделиме, да го доживуваме и во негода живееме. Времето ја дава можноста за креативноста, корисноста и даваме вредност на животот.

**Главна цел на ПОДЕМ е унапредување на процесот на децентрализација.**

**ПОДЕМ се залага за:**

- Развиена локална самоуправа и стабилност на единиците на локалната самоуправа како основен предуслов за целокупниот развој и стабилност на Република Македонија;
- Учество на граѓаните во осмислувањето и реализирањето на општинските процеси и проектите за развој на општината се незаменлив метод и содржина за иднината на секоја општина.

***Локалната власт која мисли на граѓаните!***

## *Урбанистичко (урбано и рурално) планирање*

- Ажурна општинска администрација која изработката на урбанистичките планови ќе ги усогласува со важечкото законодавство во оваа област;
- Урбанистичкиот план да биде достапен за граѓаните да можат да ги искажуваат своите мислења, забелешки и предлози;
- Јавноста не може да биде исклучена од процесот на донесување на урбанистичките планови од страна на Советот на општината.

  Во урбанистичкото решение на локално ниво, ПОДЕМ посебно ќе се заложи за следните 2 проекти:

  - Изградба на трета лента на патниот правец Битола-Охрид и
  - Поставување на жичара со гондоли до хотел Молика, како прва фаза и до големо и мало езеро како втора фаза.

## *Локален економски развој*

- Законска обврска општините да носат одлуки за намалување на невработеноста со максимално сериозен приод кон иницијативите и можностите за отворање на нови стопански капацитети и работни места;
- Вкоренување на критериумот за давање на приоритет на работната професија;
- Воведување на законски одредби за зголемување на надлежностите за малите занаети;
- Пренесување на управувањето со земјоделско земјиште и содругите природни добра од локално значење;
- Обезбедување на услови за порамномерен регионален развој со доследно почитување на законот;
- Зголемување на финансиските средства за општините преку зголемување на процентот од ДДВ за општините, преку зголемување на процесот на персонален данок на доход и преку целосно пренесување на данокот на добивка од државно на локално ниво;
- Креирањенаамбиентза развојнамалитеисредни претпријатија;
- Развојнајавно-приватни партнерства;
- Зголемување на капацитетот и надлежноста на центарот за развој на локалната власт;
- Поттикнување на функционирањето на јавно- приватнопартнерство;

- Зголемување на нивото на знаење на општините и регионите за можностите, механизмите и условите за обезбедување на средства преку финансиските средства на ЕУ.

## *Актуелизација и популаризација на граѓанските организации*

Граѓанските организации го охрабруваат и олеснуваат граѓанското учество во сите аспекти на остварување на демократијата. Учеството не е нешто што се однесува само на/или главно на националната политика. Граѓанинот живее, работи, се забавува, на локално ниво и локалните животни стандарди (домување,вработување,здравје, рекреација,креирање политики...) се дел од неговите секојдневни грижи. Затоа демократскиот процес (вредности и структури) треба да има широк фокус на работење и зајакнување на локалните власти.

Граѓанските организации претставуваат реален и рамноправен партнер за сите нивоа на институционална соработка во државната и локалната политика. Граѓанските организации се еднакви без разлика на нивната мисија и визија. Единствен критериум е задоволување и унапредување на квалитетот на животот на граѓаните и остварување на нивните интереси.

**Овие облици за ПОДЕМ се Амбасадори на државата во светот. ПОДЕМ во својата политичка платформа има зацртано ОБЕДИНУВАЊЕ налуѓе од секако вид наразликии карактеристики, засновано на сите демократски начела, затоа за ПОДЕМ граѓанскиот сектор е темелниот и основниот критериум за развој на Демократските вредности на општеството!**

**ПОДЕМ остварува и се залага за:**

- Слобода на здружување и организирање на граѓаните заради остварување на сопствените интереси во политиката, културата,
  екологијата, човековитеправа, етничките и верските прашања;
- Грижа за растот и развојот на граѓанските облици на здружување со поголемо учество во финансиската поддршка на иницијативите и проектните активности кои ја афирмираат секоја заедница внатре во државата и ќе водат кон интеграција на регионот, Европа и светот;
- Надградување на законодавството кое влијае врз активностите и работата на здруженијата и фондациите, сојузите, коалициите, синдикатите, коморите со кои се гарантира слобода, независност, транспарентност и почитување на сите модерни демократски вредности за изразување на ставови, мислења и предлози.

## КУЛТУРА И УМЕТНОСТ- ПОДЕМ НА ДУХОВНИТЕ ВРЕДНОСТИ

Културата е еден од најзначајните сегменти во животот на македонскиот граѓанин. Таа претставува вид на човекова творечка пракса, начин на човековата самореализација, простор на човековото креативно самопрепознавање и созревање до неговата генеричка суштина. Степенот на зрелост, цивилизираност и гордост на една држава, денес во светот покрај со другите параметри се мери и преку односот и грижата на таа држава кон културно- историското наследство.

### ПОДЕМ СЕ ЗАЛАГА ЗА НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ И ДУХОВНИТЕ ВРЕДНОСТИ.

ПОДЕМ се залага за заштита на недвижното и движното културно наследство вклучувајќи ги библиотеките, музеите како и за заштита на духовното културно наследство каде влегува издавачката дејност и литературата, музиката, театарот, филмот, ликовното творештво и галериска дејност. ПОДЕМ нема да заборави на домовите и центрите за култура, културните манифестации и на поддршката за стручно усовршување на дефицитарните кадри и млади таленти како и на инвестициите и одржувањето на опремата во културата.

ПОДЕМ се залага и за здруженијата на граѓани и фондации во областа на културата- невладини организации.

**Во таа насока ПОДЕМеза:**

- Грижа, зачувување, негувње, збогатување и развој на фолклорното кулурно материјално и нематеријално богатство
- Презентација и популаризација на значењето на културното наследство;
- Обезбедување проширени фондови за снимање нови филмови со Македонска продукција
- Обезбедување проширени фондови и стимулација за снимање на сериски филмови.
- Вработување на нов стручен кадар и обука и стручно усовршување на постојниот кадар;
- Збогатување на книжните фондови според бројот на жителите на територијата и бројот на корисници до 5% годишно од вкупниот книжен фонд;
- Заштита на националната книжна продукција и публикации, старите ракописи, старопечатени и ретки книги;
- Репрографија на библиотечниот материјал;
- Компјутеризација и дигитализација на библиотеките;

- Изработка и издавање на национални, специјални и роднокрајни библиографии;
- Дигитализација на македонското книжевно богатство;
- Заштита на музејскиот фонд во Р.М. со цел негово зачувување во изворна состојба, зачувување на интегритетот на сите податоци и сознанија за него, оспособување за задоволување на културните, научните, едукативните, туристичките и другите потреби на граѓаните;
- Археолошки истражувања и ископувања, истражувања од областа на етнологијата, историјата, историјата на уметност, природонауката, техниката и други области;
- Презентација на музејскиот материјал преку постојани и повремени изложби во земјата и странство;
- Обукаидоедукацијанамузејскиоткадар;
- Книжевно творештво со високи вредности потврдено одрецензенти, од македонски автори на македонски јазик и најазиците на заедниците;
- Преводи на македонски јазик на книжевно творештво намакедонски автори припадници на заедниците во Република Македонија, објавено на јазиците на заедниците и обратно;
- Дела од темелна културна вредност (монографии, хрстоматии, речници и слично) и дела работени индивидуално и колективнокако истражувачки проекти;
- Преводи настрански јазици, наделаобјавени намакедонски јазик и на јазиците на зедниците во Република Македонија, значајни за афирмирањето на културата на нашата држава;
- Преводи од странски и класични јазици на македонски јазик и на јазиците на заедниците на Република Македонија;
- Електорнско издаваштво (електронски списанија,вебстраници поврзани со културата, мултимедијалниCD-ромови);
- Македонски преизведби, изведби или реализација на трајни записи назначајни дела од симфониската, камерната, оперската, балетската или ораторијалната литература;
- Активности на хорски ансамбли, мандолински оркестри и други вокални и инструментални состави кои овозможуваат масовна музичка култура;
- Проекти со кои се негува и професионално се презентира македонскиот музички фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците на Република Македонија;
- Поддршка на музичкото творештво на исклучително талентирани автори и изведувачи;
- Поддршка на домашна драматургија во професионалните театри со приоритет на нови текстови;
- Реализација на театарски проекти на млади автори (режисери и автори-дебитанти);

- Поддршка на драмскиот аматеризам и неговите манифестанти форми;
- Проекти за финансика и логистичка подршка за реализација на театарски фестивали и манифестации со меѓународен или национален карактер;
- Приоритет на филмски дела реализирани за кино прикажување;
- Поддршка на копродукциски проекти и проекти поддржани од европските фондови;
- Поддршка на кратка и документарна продукција на млади автори и дебитанти;
- Развојнаквалитетнифилмски проекти;
- Презентација на македонската филмска продукција на фестивали од висока категорија;
- Презентација на врвни дострели од ликовното творештво без оглед дали носителот на проектот е институција, здружение, асоцијација, поединец;
- Поддршка на проекти кои имаат широко влијание врз развојот на македонската современа ликовна уметност;
- Поддршка на проекти со меѓународно значење и соработка на реципрочна основа;
- Поддршка на самостојни и групни изложби на млади автори;
- Рамноправно учество и пристап на средства за проекти од национален интерес на сите домови независно дали е национална установа или здружение;
- Поддршка и реализација на квалитетни програми/ проекти со стимулирање и афирмација на домашно и странско музичко творештво; Заштита наматеријалното и духовното наследство, како и негување на изворниот музички фолклор;
- Афирмација на вокални, играорни и инструментални групи кој ја негуваат фолклорната традиција;
- Поддршка на учество на смотри натпревари и фестивали;
- Проекти за фестивали и манифестации кои нудат квалитетна презентација и на уметнички и технички план;
- Манифестации кои се од значење за културниот развиток на државата и кои имаат меѓународен карактер;
- Поддршка на стручно усовршување на дефицитарни кадри од обласста културата, менаџментот, маркетингот, анимирањето, едуцирањето и комуникациите во културата;
- Проекти за инвестициono и техничко одржување на објектите опремата на националните установи;
- Проекти за стимулирање на културен дијалог и културна размена;
- Проекти и програми што ги презентираат домашните културни вредности на традиционални меѓународни презентации и манифестации;
- Презентации на проекти во странство кои ја афирмираат унапредуваат културата на припадниците на етничките заедници и
- Проекти кои ќе ја симулираат и унапредуваат регионалната соработка, особено со соседните земји, со земјите од Централна и Југоисточна Европа, како и со

членки на Европската унија, на УНЕСКО, на Советот на Европа и на други меѓународни организации и асоцијации од областа на културата.

Исто така ПОДЕМ се залага и за решение за Естрадните, Културните уметници и писатели, сликари и фотографи кои се значајни репрезенти и амбасадори на Македонската песна и Македонскиот идентитет, македонската уметност воопшто насекаде низ светот, кои се наоѓаат во значително незавидна состојба. Затоа како партија ќе се залагаме за решавање на статусот на уметниците од сите области кои достојно репрезенаттивно ја претставуваат нашата држава во меѓународни рамки.
Како можни решенија, предлагаме:

- Истакнатите и врвните уметниците да доставуваат петгодишен отчет што се имаат сработено и врз основа на тоа Државата да им даде можност да плаќаат бенифициран стаж (95% ноќна работа) по најмала парична ставка, која би се пресметувала како за просечна плата во моментот во Државата.
- Можност за добивање на Државна пензија по основ на "Врвен уметник кој оставил траен белег што е од корист за Државата".
- Право на породилно боледување.
- Поттикнување на македонската продукција со субвенции на нови квлаитетни дела.